УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI PËR NDOTJEN INDUSTRIALE DHE MENAXHIM ME RREZIQE

**ОГЛАС ЗА ЈАВНА РАСПРАВА**
**Нацрт А - Дозвола за усогласување со оперативен план, РЕК Битола**

Се информира јавноста дека инсталацијата АД Електрани на Северна Македонија, Скопје – Подружница РЕК Битола, согласно член 95, член 135 и 108 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18), како и согласно член 5, став 1 од Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола, односно дозвола за усогласување со оперативен план (Службен весник на РСМ 89/2005) достави Барање до Министерството за животна средина и просторно планирање за добивање на А – Дозволата за усогласување со оперативен.

Инсталацијата врши производство на електрична енергија и управување со отпад:
**1 Енергетика**
- 1.1 Согорувачки инсталации со номинален топлински влез поголем од 50 MW

**5 Постапување со отпад**
- 5.4 Депонии со влез за над 10 t/ден или депонии чијшто вкупен капацитет надминува 25000 t, со исклучок на депонии за инертен отпад,
- 5.6 Инсталации за управување со отпад од рудници

**Јавната расправа ќе се одржи во просториите на Општина Новаци, на 10.01.2020 година (петок), во 12:00 часот.**

Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат во јавната расправа и да ги дадат своите коментари по однос на Нацрт А-Дозволата за усогласување со оперативен план, РЕК Битола.

Барањето и Нацрт А-Дозволата за усогласување со оперативен план се достапни на веб-страната на МЖСПП www.moepp.gov.mk


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk